**Краток документ за политики**

## Обезбедување дека наредната повеќегодишна финансиска рамка на ЕУ е во функција на родовата еднаквост и правата на жените

Овој документ за политики ги преетствува трите препораки кои се прифатени од широка коалиција на експерти и Граѓански организации (ГО) да ги водат институциите на Европската Унија (ЕУ) кон родово одговорна повеќегодишна финасиска рамка (ПФР). Има за цел да обезбеди дека наредната ПФР, буџетот на ЕУе дизајниран на начин да промовира родова еднаквост низ јасни провизии во линија со правните определби**.**

Во Договорот за Работењето на Европската Унија Член 8 стои дека "Во сите нејзини активности Унијата треба да ги елиминира нееднаквостите, да промовира еднаквост помеѓу мажите и жените." Родовата еднаквост е фундаментално право, суштинска вредност и стратешки приоритет на ЕУ со што може да се придонесе кон постигнувањето на Одржливите Развојни Цели и безбедноста. Европскиот Институт за родова рамноправност скоро откри дека намалувањето на родовата нееднаквост може да доведе до пораст на БДП на ЕУ до 9,6% до 2050, што е силен аргумент за родово буџетирање. Европскиот Парламент, Советот и Комисијатасе обврзаа да промовираат еднаквост, права и можности за сите мажи и жени како и за родово интегрирање во текониот Интер институционален Договор, ПФР и буџетот на ЕУ. И покрај обврските во Специјалниот извештај на судот на ревизори за 2021 стои:

> Комисијата сè уште не ја исполнила својата заложба за вклучување на родот во буџетот на ЕУ. Буџетскиот циклус на ЕУ не ја зема соодветно предвид родовата еднаквост; посвети малку внимание на родовата анализа на политиките и програмите кои се испитуваат; направи ограничена употреба на податоци и индикатори поделени по пол и објави малку информации за целокупното влијание на буџетот на ЕУ врз родовата еднаквост.

Европскиот Парламент,изјави дека „Жали дека Комисијата систаматски не спровла оценка на влијанијата, вклучувајќи оцена на родовите влијанија, за цела легислатива која вклучува трошење на буџетот и инсистира на оваа промена" Парламентот подвлечи дека „наредната ПФР мора да обезбеди дека, низ советот, програмите за трошење [...] ке ги промовира и штити правата и еднаквите можности за сите, вклучувајќи ја родовата еднаквост". Поспецифично:

> Го поздравува развојот на методолоијата која го лседи родовото трошење и ги зема во предвид дека научените лекции, посебно во делот на прибирање на родово разделени податоци, мониторинг на имплементацијата и влијанијата како и административната работа, треба да бидат аплицирани на наредниот ПФР со цел да се подобри методологијата, се повикува Комисијата да ја испита можноста за родово буџетирање во наредниот ПФР.

Во врска со ова, претходно е добедојдена работата на Комисијата на новата:

> Класификација да се имери родовото влијание на трошењето на Унијата смета дека класификацијата треба да овозможи точна и разбирлива презентација на влијанието на програмите на родовата еднаквост; повикува класификацијата да биде продолена на сите ПФР програми и да биде подобро интегрирана во ПФР рамката; потенцира дека е потребно систематскоо собирање и анализа на родово поделени податоци; очекува дека делото родово- релевантно известување ке биде основано на обемот а не на бројот на акции.

Советот и Комисијата за буџетската дисциплина соработката, доброто финансиско управување и сопствените ресурси, вклучувајќи ги провизиите кои се однесуваат на Повеќегодишната финансиска рамка (ПФР) во делот 2 16 (ф) Институциите се обврзале:

Врз основа на постоечките обврски на ЕУ, ние, како коалиција од повеќе од 150 организации на граѓанското општество од многу земји, ги повикуваме Европскиот парламент, Советот и Комисијата да обезбедат дека за време на претстојниот трипартитен дијалог, следниве препораки ќе бидат разгледани во ПФР.

## безбедување на Финансирање за Обврските за Родова Еднаквост

Жените продолжуваат да се соочуваат со структурни нееднаквости и дискриминација во сите земји на ЕУ, како што е прикажано во Индексот за родова еднаквост на ЕУ, и надвор од земјите на ЕУ. Правните обврските за родова еднаквост и обврските на ЕУ (за наредната Стратегија за родова Еднаквост на ЕУ , Родовиот Акционен План IV на ЕУ, а Агендата за жени, мир и безбедност) ќе бара финансирање за имплементација. Наредниот ПФР да работи за родова еднаквост им треба амбициоозна цел за родово еднакво трошење. **Препораки**:

- Да се постави амбициозна цел за родово еднакво трошење во ПФР( како целта за климастко трошење)
- Да се обезбеди дека ПФР ќе обврзе соодветно финансирање за да се спроведе спроведување Стратегија за родова Еднаквост на ЕУ , Родовиот Акционен План IV на ЕУ, а Агендата за жени, мир и безбедност

## арање за родово одговорно буџетирање на сите програми кои се финансирани од ЕУ

ЕУ треба да го применува родово одговорното буџетирање во својата работа, поставувајќи позитивен пример за владите како и за користење на најдобрит епракси за родово одговорно буџетирање со цел да се подобри транспарентноста, отчетноста, ефикасноста, ефективноста и влијанијата. Финанисирањето треба да биде основано на анализа на потребите и да вклучи интерсекторски пристап кој ке ги адресира нееднаквостите кои се одразуваат на различни жени и мажи во зависност од нивната возраст, етнос, географска локација, попреченост, сексуална ориентација, и други социјални, еконосмки и демографски фактори. **Препораки**:

- Да се вклучат целите за родова еднаквост и индикаторите во регулативите на сите релевантни програми за финансисрање, да се обезбеди дека финансирањето е спроведено до активности кои експлицитно ја поддржуваат родовата еднаквост и секорите кои се доминирани од жени низ различни политички полиња.
- Да се интегрира родовата еднаквост целосно во рамката за спроведување водена од ПФР. .
- Да се обнови методот на следење, обезбедувајќи дека е користен како ефектвна ex ante и ex post алатка, и дека генерира соодветни податоци кои може да се користат во буџетските прегледи и годишното буџетско планирање.
- Да се вклучи во регуаивата за заеднички провизии и други правни документи кои се поврзани со ПФР дека: „Сите трошења на ЕУ треба да вклучуваат родово одговорно буџетирање кое ќе вклучи барани: i) ex-ante оцена на родови влијанија со цел да се информираат сите трошоци во фазата на дизајн; ii) да се воспостават цели за родова еднаквост кои ќе бидат пратени со јасни индикатори, основи, цели и планирани трошоци на ниво на резултати; iii) ex-post процена на родови влијанија како дел на сите евалуации; и iv) годишна независна ревизија за родова еднаквост."

## а се обезбеди мониторинг кој е базиран на резултати, евалуација и надзор

Следењето на ефикасноста, ефикасноста и влијанието на трошоците е од клучно значење за транспарентност и одговорност на даночните обврзници на ЕУ, како и за следење и оценување

на влијанието на трошоците на ЕУ кон постигнување на целите на политиката. ЕУ се соочи со предизвици во демонстрирање на мерлив напредок кон унапредување на родовата еднаквост поврзана со трошоците на ЕУ. Клучните предизвици биле: Не сите акции имаат спроведено претходна проценка на родовото влијание за да се идентификуваат потребите на различните жени и мажи и да се информираат основните линии; Системите за управување не овозможуваат лесно консолидирање на влијанијата и нивните трошоци на државно, регионално или глобално ниво;

ЕУ може да ги следи трошоците спрема резултатите ( директни резултати, резултати и влијанија) со барања до корисниците да известуваат за трошењата поврзани со резултатите. Ова може да ги намали администаритвние заложби на службениците на ЕУ во собирањето на податоци,да се подобри јавното известување по клучните индикатори и да се олесни мониторингот и евалуацијата на ЕУ на стратегиите и влујанијата на трошоците.

Ова моѓе да помогне на ES да постави јасни цели за финансисрање на родова еднаквост врз основа на потреби, докази и учење. Ако се поврзи со дигиталните алатки може да се подобри споделувањето на информации, транспарентноста, и отчетноста кон даночните обврзницикои моѓат да ги видат информациите за трошоците и влијанијата во реално време. **<u>Препораки</u>**:

- Регулативите кои се однесуваат на ПФР треба да вклучат и мандат за релевантните институции вклучувајќи ја Комисијата со цел да се користи добар пристап и подобри поадекватни дигитални системи за мониторинг и евалуацијана резултатите поврзани со родовата еднаквост и трошоците за родова еднаквост

*This brief was written by the Kosovo Women's Network in collaboration with Center for Research and Policy Making for the Gender Budget Watchdog Network, supported by the Austrian Development Agency (ADA) and Swedish International Development Cooperation Agency (Sida). The views herein are those of the authors and do not necessarily reflect the views of ADA and Sida. The European Women's Lobby and European Gender Budgeting Network contributed vital input and have endorsed the brief.*

Austrian Development Agency | Gender Budget Watchdog Network for a gender equal region | Sverige | European Women's Lobby Européen des Femmes | European Gender Budgeting Network